ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TENNIS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

## ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ТФСМ)

# ТЕНИСКИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ

## ЗА ДЕТСКИ ТЕНИС
## (ЦРВЕН, ПОРТОКАЛОВ И ЗЕЛЕН ТЕНИС)

## 2025

# СОДРЖИНА


1. ОПШТИ УСЛОВИ
2. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УСЛОВИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ
3. ПРАВО НА НАСТАПУВАЊЕ
4. ПРИЈАВИ НА НАСТАПУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ НАТПРЕВАРИ
5. ПРИЈАВНИНИ
6. БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ
7. ТРАЕЊЕ НА ТУРНИРИТЕ
8. БРОЈ НА НАТПРЕВАРИ ВО ЕДЕН ДЕН
9. ВЛЕЧЕЊЕ НА ЖРЕПКА
10. ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАРИТЕ
11. ЕКИПНИ ПРВЕНСТВА
12. ОФИЦИЈАЛНИ ЛИЦА
13. ПРАВИЛА ЗА ОБЛЕКУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ
14. ОПШТИ ОДРЕДБИ
15. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ
16. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ

1.1 Овие Правила и Прописи ги содржат основите за составување пропозициите, ги дава условите што треба да ги исполнуваат организаторите на тениските натпревари, правата и должностите на делегатот/врховниот судија, водството на натпреварот, тениските судии и играчи, како и казнените правила, односно доследностите на кои потпаѓаат сите наведени учесниците на црвените, портокаловите и зелените натпреварите.

## 2. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УСЛОВИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ

2.1 Сите натпревари во поединечна конкуренција во портокалов и зелен тенис се Национални тениски турнири. Турнирите од црвен тенис се клубски турнири а клубовите можат да ја отворат пријавата и за тенисери од други клубови. ТФСМ во текот на годината може да организира национални турнири за црвен тенис доколку оцени дека има потреба за тоа.

2.2 Турнирите (Портокалов и Зелен Тенис), ќе се играат по системот Секој со Секого (Роунд Робин), најмногу 4 натпреварувачи во група во првата фаза и Директна Елиминација во втората фаза кај Портокаловите и Зелените турнири. Бројот на учесници на турнирите е неограничен. Кај турнирите од црвен тенис организаторот треба да избере формат кој налага децата да одиграат повеќе мечеви.

2.3. Натпреварите се играат:

- Црвен Тенис (заедно момчиња е девојчиња) кај турнирите организирани од ТФСМ се играат до освоени 12 поени, резултатот може да биде и 6-6.
- Портокалов Тенис (посебно машки а посебно девојчиња), во група се игра еден tie break до 10 поени со два поени разлика, а елиминацијата до финале се игра еден брз сет до 4 гема, на 3-3 се игра tie break до 7 поени, додека финалето се игра во два добиени брзи сета, наместо трет сет се игра tie break до 7 поени.
- Зелениот Тенис (посебно машки а посебно девојчиња), во група се игра еден брз сет до 4 гема на 3-3 се игра tie break до 7 поени со два поени разлика, а елиминацијата до финале се игра на два добиени брзи сета до 4 гема, на 3-3 се игра tie break до 7 поени, додека финалето се игра во два добиени брзи tie break сета.

2.4. На турнирите нема да има носители, односно групите ќе се составуваат по случаен избор.

2.5. За овој тип на турнири ќе се користат ИТФ одобрени црвени, портокалови и зелени топки согласно категоријата.

2.6 Тениските терени потребно е да бидат со следните димензии:

- Црвен тенис, широчина 5-6 метри и должина 10.97-12 метри
- Портокалов тенис, широчина 6.5-8.23 метри и должина 18 метри
- Зелен тенис, регуларен терен широчина 8.23 метри и 23.77 метри

2.7 Висината на мрежата требе да биде:

- Црвен тенис, 80 cm
- Портокалов тенис, 80-91.4 cm
- Зелен тенис, 91.4 cm

## 3. ПРАВО НА НАСТАПУВАЊЕ

3.1. На сите натпревари право на настап имаат сите играчи кои се уредно регистрирани врз основа на одредбите од Правилникот за регистрација на ТФСМ, со извршен лекарски преглед за тековната година и не се казнети или суспендирани.

3.2. Во конкуренција на момчиња и девојчиња

- Црвен Тенис, право на настап имаат сите играчи кои во тековната натпреварувачка година полнат 8 години и помлади, но со наполнети 5 години на денот кога почнува главниот турнир.

- Портокалов Тенис, право на настап имаат сите играчи кои во тековната натпреварувачка година полнат 10 години и помлади, но со наполнети 7 години на денот кога почнува главниот турнир.
- Зелен Тенис, право на настап имаат сите играчи кои во тековната натпреварувачка година полнат 11 години и помлади, но со наполнети 8 години на денот кога почнува главниот турнир.

3.3. Натпреварувачите кои се помлади од 8 години години можат да настапуваат на зелените турнири само со посебна дозвола од страна на Комитетот за развој, која се издава врз основа на настапот на натпреварувачите на портокаловите турнири.

## 4. ПРИЈАВИ ЗА НАСТАПУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ

4.1 Клубовите се должни на своите играчи да ги пријават електронски на интернет страната на ТФСМ, односно на адреса од пропозициите. Пријавата треба да ги содржи сите податоци за натпреварувачот што ги барат пропозициите.

4.2 Последен рок на пријава е 4 дена пред започнување на турнирот. Рокот на одјава е 2 дена пред започнување на турнирот

4.3 ТФСМ може да откаже учество на некој играч по писмен пат 2 ден пред почетокот на турнирот (нерегистрирани, казнети, суспендирани).

4.4 Дадената пријава за натпревар може да ја отповика подносителот.

## 5. ПРИЈАВНИНИ

Пријавнината за секоја натпреварувачка година ја одредува Управниот одбор на ТФСМ со донесување одлука и таа му се плаќа на организаторот на натпреварот, на жиро сметка на организаторот. Роковите за уплата се 3 дена пред почеток на турнирот, односно на лице место пред почеток на натпреварот. Во случај на уплатени средства и навремена одјава согласно пропозициите на ТФСМ играчот треба да си побара повраток на средства од организаторот. Истото се однесува и за учесниците кои ке достават медицинска белешка пред објавување на костурите за турнирот. Одјава со медицинска белешка е дозволена само 2 (два) пати во една натпреварувачка сезона.

## 6. БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ

6.1 Бројот на учесници е неограничен

## 7. ТРАЕЊЕ НА ТУРНИРИТЕ

7.1. Траењето на турнирите зависи од бројот на пријавени учесници, односно не подолго од три дена.

## 8. БРОЈ НА НАТПРЕВАРИ

8.1 Во текот на еден ден, натпреварувачот (Портокалов и Зелен Тенис) максимално може да одигра три меча со брзи сетови во поединечна конкуренција.

## 9. ВЛЕЧЕЊЕ ЖРЕПКА

9.1 Влечењето на жрепка по Групи се одржува два дена пред почеток на турнирот, согласно листата на пријавени учесници.

9.2 Влечењето на жрепката по Групи го врши Делегатот/Врховниот судија. Влечењето на

жрепката се врши јавно во канцеларијата на ТФСМ. На извлекувањето можат / и неморaат да присуствуваат официјални лиценцирани тренери, натпреварувачи и останати официјални лица од клубовите членки на ТФСМ. По извршеното влечење на жрепката се потпишува / ат лицата кои го извршиле влечењето.

9.3 Влечењето на ждребката за Елиминација се врши на лице место во клубот организатор веднаш по завршување на играњето по групи и ја вршат Делегатот/Врховниот судија и двајца од играчите на следниов начин.

- Победникот од група 1 се поставува на Позиција 1,
- Победникот од група 2 се поставува на Позиција 16,
- Победниците од групите 3 и 4 се поставуваат на Позиција 5 односно 12,
- Победниците од групите 5, 6, 7 и 8 се поставуваат на Позициите 3, 7, 10 и 14.
- Второпласираните од групите се поставуваат на празните позиции односно, 2, 4, 6, 8, 9, 11, 13 и 15, водејки сметка оние кои играле меѓусебно во група да не се сретнат до Финалето.

## 10. ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАРИТЕ

10.1 Организаторот мора да има:

- најмалку 2 терени од иста подлога
- соблекувални со потребни хигиенски услови

10.4 Организаторот ги праќа потребните податоци за турнирот до ТФСМ.

10.5 Пропозициите 7 дена пред почетокот на турнирот се објавуваат на Веб страната на ТФСМ а доколку е потребно се праќаат и до сите клубови од страна на ТФСМ.

10.6 Во пропозициите треба да бидат наведени име и презиме на директорот на турнирот, број на телефон, е-маил и адреса и сите останати информации кои се релевантни.

10.7 Организаторите на Националните турнири од календарот за детски турнири на ТФСМ ќе ги покриваат трошоците за сместување, храна и превоз на Делегатот/Врховниот судија.

10.8 Организаторот на натпреварот е должен за секој ден на турнирот по потреба да обезбеди и лекар на повик.

10.9 Организаторите на натпреварите од портокалов тенис, се должни интерно да организираат клубски турнир во црвен тенис кој можат да го отворат и за тенисери од другите клубови. Котизацијата за учество ја одредува клубот но таа неможе да биде повисока од официјалната котизација за портокалов тенис пропишана со одлука на ТФСМ.

## 11. ЕКИПНИ ПРВЕНСТВА

11.1. Под Екипни првенства влегуваат: Екипните и куп натпреварите

11.2 Домаќинот на екипното првенство или куп натрпреварот го одредува ТФСМ.

11.3 Екипните првенства ќе се одржат според календарот за детски турнири на ТФСМ.

11.4 Екипите можат да бројат најмалку 2, а најмногу 4 натпреварувачи. Право на настап имаат сите регистрирани натпреварувачи согласно Став 3, точка 3.2 од овие Правила и Прописи. На екипните првенства се играат два меча во поединечна конкуренција и еден во конкуренција на двојки

11.5 За да се одржи екипното првенство треба да има пријавено најмалку 4 екипи.

## 12. ОФИЦИЈАЛНИ ЛИЦА

12.1 Официјалните лица ги сочинуваат Делегатот/Врховниот судија кој го одредува Натреварувачко-Судиски комитет на ТФСМ

- Делегат/Врховен судија

12.2 Делегатот/Врховниот судија е одговорен за влечење на жрепката.

12.3 Делегатот/Врховниот судија го составува распоредот на играње за наредниот ден, што мора да биде истакнат на огласната табла до 20.00 часот.

12.4 Делегатот/Врховниот судија е должен да присуствува на натпреварите, и доколку тој мора да го напушти натпреварувањето мора да одреди времен заменик.

12.5 Делегатот/Врховниот судија заедно со директорот на турнирот ги донесуваат сите одлуки околу организацијата и спорните настани на натпреваротот.

12.6 Делегатот/Врховниот судија го проверува правото на учество на секој натпреварувач во однос на регистрација, казна, суспензија и лекарски преглед.

12.7 Делегатот/Врховниот судија ја утврдува сатнината на натпреварите и меродавно е официјалното време (часовник истакнат на видно место).

12.8 Делегатот/Врховниот судија ги донесува конечните одлуки што се однесува на меѓународно прифатените правила за тениската игра и однесувањето на натпреварувачите и се грижи за нивна примена.

12.9 Делегатот/Врховниот судија може да ги прекине мечевите поради невреме, мрак или други непредвидени околности.

12.10 Делегатот/Врховниот судија со својот потпис ги заверува постигнатите резултати и сите официјални документи на ТФСМ и е должен да поднесе извештај до Натпреварувачко-Судискиот комитет на ТФСМ во рок од 2 дена по завршувањето на турнирот.

## 13. ПРАВИЛА НА ОБЛЕКУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

13.1 Секој играч треба, за време на сите натпревари и додека е присутен на местото на одигрување на турнирот, да се однесува професионално.

13.2 Натпреварите ќе следуваат еден по друг без пауза во согласност со направениот план за играње, кој треба да биде поставен на видно место за играчите.

Играчите треба да бидат спремни за игра кога ќе се најават нивните натпревари. Секој играч кој нема да биде спремен за игра после 15 мин. од најавувањето на неговиот натпревар ќе биде дисквалификуван, освен ако Делегатот/Врховен судија по разгледување на сите околности не одлучи да не се дава дисквалификација.

13.3 Секој играч треба да се облекува и да се претставува себеси со професионални манири. Тој треба да има чиста и прифатлива тениска облека.

- Неприфатлива облека

  Дресови, гимнастички шорцови, маици со апликации или секоја неприфатлива облека не треба да се носи за време на натпреваротот (вклучувајќи го и загревањето).

- Патики

  Играчите се обврзани да носат патики кои се пропишани за подлогата на која играат.

- Двојки

  Играчите во двојки може да се облечени во слична облека

13.4 НАЧИН НА ОДНЕСУВАЊЕ

1. НАПУШТАЊЕ НА ТЕРЕН (LEAVING THE COURT)

- Играчот не треба да го напушта теренот за време на игра (вклучувајќи го и загревањето) без дозвола на судијата.

2. МАКСИМАЛНО ВЛОЖУВАЊЕ (BEST EFFORT)

- Секој играч треба максимално да вложи напор за да го добие натпреваротот.

3. ЗАВРШУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР (FAILURE TO COMPLETE MATCH)

- Играчот мора да го заврши започнатиот натпревар, освен ако нема реална причина да не го натправи тоа.

4. НЕРАЗБИРЛИВИ ПРЕКИНИ (UNREASONABLE DELAYS)

- Играчот има максимум 25 секунди повторно да сервира од моментот кога завршил

предходниот поен до моментот на удирање на првиот сервис. Ако првиот сервис е аут, вториот мора да биде изведен без пауза.

- Првите три гема од секој сет се играат без одмор, само со промена на страните после првиот одигран гем. Во текот на сетот кога ги менуваат страните, играчите имаат максимум 90 секунди повторно да започнат со игра. По завршување на секој сет играчите имаат 120 секунди повторно да започнат со игра.
- Играчот што прима сервис треба да го прати ритамот на серверот и мора да биде спремен да прима сервис кога серверот е спремен да сервира.
- Нарушувањето на ова правило се казнува со "Нарушување во однос на времето" и тоа првиот пат со опомена, а секој нареден пат со казнен поен.

5. СОВЕТИ ОД ТРЕНЕРИ (COACHING AND COACHES)

- Играчите може да примаат исклучиво совети од нивните тренери за време на паузата помеѓу гемовите. Тренерите мора да бидат лиценцирани за тековната година и да се наоѓаат на листата за тренери на ТФСМ.
- Комуникација од секаков друг вид, звучна или со сигнали, помеѓу играчот и останатите лица, ќе биде земена како нарушување на ова правило.

6. ЗЛОУПОТРЕБА НА ТОПКА (ABUSE OF BALLS)

- Играчите не треба насилно, опасно или со лутина да го удрат или фрлат тениското топче освен за време на разигрување на поен во текот на играта.
- Злоупотреба на топче претставува: (1) силно удирање на топчето надвор од теренот; (2) опасно удирање во самиот терен; (3) удирање на топчето занемарувајќи ги последиците од тоа, итн.

7.ЗЛОУПОТРЕБА НА РЕКЕТ ИЛИ ОПРЕМА (ABUSE OF RACQUETS)

- Играчите не треба насилно или со лутина да го удираат или фрлаат рекетот или други делови од опремата.
- Злоупотреба на рекет или опрема претставува: (1) насилно уништување на рекетот или опремата; (2) силно или насилно удирање на мрежата, теренот, судискиот стол или други предмети за време на натпреварот.

8. ВЕРБАЛНА НАВРЕДА (VERBAL ABUSE)

- Играчите не треба во ниту еден момент вербално да навредат некој судија, противник, гледач или друга личност која е поврзана со турнирот.
- Вербална навреда претставува изјава насочена кон судијата, противникот, гледач или друга личност која е поврзана со турнирот, која подразбира нечесност или е навредлива, или навреда на некој друг начин.

9. ФИЗИЧКО ЗЛОСТАВУВАЊЕ (PHYSICAL ABUSE)

- Играчите не треба во ниту еден момент физички да злоставуваат некој судија противник, гледач или друга личност која е поврзана со турнирот.
- Физичко злоставување претставува недозволено допирање на судија, противник, гледач или друга личност.
- Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со моментална дисквалификација.

10. НЕДОЛИЧНО ИЗРАЗУВАЊЕ (AUDIBLE OBSCENITY)

- Играчите не треба недолично да се изразуваат за време на натпреварот и на местото на одигрување на турнирот.
- Недолично изразување претставува употребување на опшо познати вулгарни зборови кои треба да се изговорено доволно гласно за да бидат слушнати од судијата на стол, гледачите, линиските судии или собирачите на топки.

11. НЕДОЛИЧНИ ГЕСТОВИ (VISIBLE OBSCENITY)

- Играчите не треба да прават недолични гестови кои се видливи за судијата на стол, гледачите, линиските судии или собирачите на топки.
- Недоличен гест претставува правење на знаци со раце, рекет или топки од страна на играчот кои имаат навредлив карактер или се упатени кон одредени личности.

12. НЕСПОРТСКО ОДНЕСУВАЊЕ (UNSPOTSMANLIKE CONDUCT)

- Играчите треба за време на турнирот да се однесуваат со спортски манири и да го почитуваат авторитетот на судиите, како и правата на противниците, гледачите и другите личности.
- Неспортско однесување претставува однесување на играчот кое е чисто злоупотребливо или штетно за спортот, но не е забрането со некое од претходните правила. Во неспортско однесување треба да се вклучи, но не и да се ограничи на тоа, давање, правење, употребување или одобрување на некои јавни изјави кои имаат штетен ефект за турнирот или за судиите.

13.РЕДОСЛЕД НА КАЗНУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| ПРВА казна | ОПОМЕНА (WARNING) |
| ВТОРА казна | КАЗНЕН ПОЕН (POINT PENALTY) |
| ТРЕТА казна и секоја наредна | КАЗНЕН ГЕЈМ (GAME PENALTY) |

Делегатот на турнирот доколку процени дека третата и било која нередна казна е тешко прекршување на тениските правила и прописи таа казна може да ја претвори во дисквалификација.

14. ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА (DEFAULT)

- Дисквалификација на еден играч може да даде само Делегатот т.е.Врховниот судија.
- Секој играч кој ќе биде дисквалификуван од некој натпревар ќе биде казнет:

со забрана за настап во наредниот месец во сите конкуренции во кои може да настапува, освен ако третата казна т.е. дисквалификацијата ја добил поради губење на кондиција, со што е ослободен од забраната за настап на турнири.

15.НЕДОАЃАЊЕ НА ТУРНИР

- Секој играч што ќе се пријави на турнир во кој е примен, влечен во групи и ставен на распоредот за играње а не се појави на турнирот, истиот односно неговиот Клуб е потребно да ја плати пријавнината.

**14. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

14.1 Во текот на турнирот натпреварувачот или екипата може да се жали на одлуките за кои смета дека се спротивни на тениските правила до Делегатот/Врховниот судија.

14.2 По турнирот натпреварувачот или екипата може да се жалат на донесените одлуки за време на турнирот до Судиско-Натпреварувачкиот комитет на ТФСМ во рок од 48 часа по завршување на турнирот.

14.3 Жалбата треба да биде потпишана од подносителот и платена такса која ја одредува управниот одбор на ТФСМ пред почетокот на секоја натпреварувачка сезона.

**15. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ**

15.1 Против играчот што ќе го напушти натпреварот без оправдана причина или нема да ги одигра сите мечеви ќе биде поднесена дисциплинска пријава.

15.2 Против организаторот на турнирот, Делегатот/Врховниот судија, клубот, како и против играчите може да се поднесе дисциплинска пријава ако работат спротивно од одредбите на овој Правилник.

15.3 Пријави можат да поднесат: играчите, клубот, директор на турнирот, Делегатот/Врховниот судија. Пријавите се поднесуваат до Судиско-Натпреварувачкиот комитет и Дисциплинската комисија на ТФСМ.

15.4 Делегатот/Врховниот судија можат да се казнат со Укор, односно забрана на вршење на овие функции на одредено време.

15.5 Сите парични казни се уплаќаат на сметка на ТФСМ и служат за унапредување на тенискиот спорт.

**16. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

16.1 Овие Правилата и Прописи се применуваат на сите Црвени, Портокалови и Зелени тениски натпревари.

16.2 Толкување на овие Правила и Прописи дава Управниот одбор на ТФСМ.

16.3 За сите правила на тениската игра кои не се споменати во овие Правила и Прописи, важат Правилата и Прописите на ТФСМ и Правилникот на ИТФ.

16.4 Овие Правила и Прописи стапуваат на сила од денот на донесување од Управниот одбор на ТФСМ и ќе важат до донесување измени или нови Правила и Прописи.